Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ
Бр. 02-468/1
29.09 20 20 година
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Универзитет„Св. Кирил и Методиј"воСкопје
Факултет за музичка уметност – Скопје

Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
http://fmu.ukim.edu.mk/
тел. +389 (0)2 3134 345 email: fmu@fmu.ukim.edu.mk

Врз основа на член 67 од Статутот на Факултетот за музичка уметност – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 448/2019) и член 9 од Правилникот за начинот на реализиција на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и единиците во неговиот состав согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19 (Универзитетски гласник бр. 489/2020), Деканатската управа на Факултетот за музичка уметност – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на електронската седница одржана на 29.9.2020 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за начинот на изведување настава во зимскиот семестар 2020/2021 година на Факултетот за музичка уметност – Скопје

### Член 1

Со оваа одлука се донесува начинот на изведување настава во зимскиот семестар 2020/2021 година, на Факултетот за музичка уметност – Скопје.

Во прилог и составен дел на оваа одлука е начинот на изведување настава во зимскиот семестар 2020/2021 година, на Факултетот за музичка уметност – Скопје.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Декан,
Проф. м-р Живко Фирфов

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СКОПЈЕ * ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ – СКОПЈЕ

**Изведување настава во зимскиот семестар 2020/2021 година**

Поради епидемиолошката слика со COVID-19 наставата на Факултетот за музичка уметност – Скопје ќе се одржува на следниот начин:

## НАСТАВА

Препорака од деканатската управа е целокупната настава да се одвива во електронска форма (on-line часови) преку платформа за аудио/видео комуникации (Microsoft Teams, ZOOM и сл.).

1. Настава по пијано, гудачки инструменти, гитара, ударни инструменти, оркестарско диригирање: електронски; доколку има потреба - повремени консултации еднаш до двапати месечно со физичко присуство со посебна најава и строго придржување до протоколите за безбедност.

2. Настава по дувачки инструменти, камерна музика за дувачки инструменти, ансамбли со дувачки инструменти: електронски, се' до добивање протоколи за безбедна употреба на дувачките инструменти во затворен простор.

   **Појаснување:** Согласно сегашните протоколи за одвивање на настава и присуство во затворен простор **ЗАДОЛЖИТЕЛНО** е носење на заштитна опрема (маска) за целокупниот временски период кој се поминува во затворен простор.

3. Настава по соло пеење:
   a. Електронски, се' до добивање на протоколи за безбедно одвивање на наставата по соло пеење во затворен простор.
   b. Доколку е возможна употреба на заштитни маски за време на наставата, повремени консултации еднаш до двапати месечно со физичко присуство со посебна најава и строго придржување до протоколите за безбедност.

4. Камерна музика – мали состави: важат правилата од претходните точки 1-3.

5. Настава по теориски предмети: електронски со користење на горенаведените платформи.

6. Настава по солфеж: со физичко присуство во мали групи до 12 студенти, со скратено времетраење на часот, со строга придржување до протоколите за безбедност.

7. Настава по симфониски оркестар, камерен оркестар, хор, хорско диригирање, вокално студио, вокална техника:

   a. Симфониски (освен дувачки инструменти) и камерен оркестар: електронски; доколку има потреба - повремени консултации во групи од 12 – 15 студенти еднаш до двапати месечно со физичко присуство со посебна најава и строго придржување до протоколите за безбедност.
   b. Хор, вокално студио, вокална техника, хорско диригирање: електронски; физичко присуство само доколку се добие промена на протоколите за пеење во затворен простор или физичко присуство само доколку е возможно користење на заштитна опрема.

c. Состави со дувачки инструменти: електронски; физичко присуство само доколку се добие промена на протоколите за безбедно користење на овие инструменти во затворен простор, потребна дистанца и сл.

8. Настава по предметите од областа на класичен балет и современ танц: електронски; доколку има потреба - повремени консултации еднаш до двапати месечно со физичко присуство со посебна најава и строго придржување до протоколите за безбедност.

Доколку наставникот инсистира на изведување настава со физичко присуство и при тоа постои можност за примена на безбедносни протоколи, неопходно е да се исполнат следниве услови:

- потпишана изјава од професорот за преземање целокупна одговорност за сите инволвирани на часот.
- потпишана согласност од секој студент поединечно за физичко присуство по одредениот предмет.
- на студентите кои не се согласуваат со физичко присуство, да не им се пресметуваат изостаноци. Професорот е должен да ги снима своите предавања (со помош на било каква аудио/видео опрема или видео конференциска врска) и тие да бидат достапни во електронска форма (платформа по договор).
- за време на предавањата со физичко присуство, професорот е должен да води сметка за правилно спроведување на протоколите за заштита.

**ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊАТА**

1. Изведувачки предмети
   a. По пат на аудио-видео запис
   b. Со физичко присуство доколку постојат услови за безбедно изведување (освен дувачки инструменти и соло пеење)
   c. Комбинирано (за состави во кои учесниците се изјаснуваат за различен начин на полагање испит)

2. Теориски предмети
   a. Електронски
   b. Дефинирана колоквиумска/испитна недела со физичко присуство во мали групи.

**ВАЖНА НАПОМЕНА:**

За сите предавања кои ќе се одржуваат по електронски пат, задолжително во поканата за присуство на предавањата да бидат вклучени раководителот на соодветната катедра и продеканот за настава. Доколку не се вклучени, ќе се смета дека тој час не е одржан.

Наставата по групните предмети во електронска форма ќе се одржува по фиксиран распоред на часови.

Наставата со физичко присуство ќе се организира во согласност со распоредот на електронската настава во слободни термини од понеделник до петок 09.00ч - 21:00ч и во сабота 09:00ч - 19:00ч.

Доколку има промена во епидемиолошката состојба, ќе следат дополнителни упатства.